20250591231

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 10 март 2025 година.

Бр. 08-1632/1
10 март 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
Гордана Силјановска-Давкова, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
Африм Гаши, с.р.

ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

Член 1

Во Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/22 и 208/24) во член 81 став (3) точката 5) се менува и гласи:

„да има потврда или сертификат за положен испит за познавање на еден од четирите најчесто користени јазици во Европската Унија (англиски, француски, германски и италијански) на ниво Б2 од Европската референтна рамка за јазици, издадени од установа или институција во државата или од странство, регистрирана како давател на оваа услуга, не постари од пет години.”.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.